Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број:08-316/3
05.04.2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08–316/3 од 18.03.2024 година, поднесена од [redacted] против Влада на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 05.04.2024 годиниг, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката за извршена дискриминација со архивски број 08 – 316/3 од 05.04.2024 година, поднесена од [redacted] против Влада на Република Северна Македонија **поради неуредност.**

### Образложение

На 18.03.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација заверена под број 08-316/3.

Комисијата при разгледувањето на списите констатира дека претставката не ги содржи задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не содржи доволно податоци за опис на настанот, не се јасни околностите и фактите врз кои се темели претставката. Заради тоа, на 19.03.2024 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, достави Барање за доуредување на претставка заверено под број 08-316/2 на електронска пошта која што беше наведена во претставката. Со барањето подносителката беше задолжена да ја пополни претставката во насока што ќе ги наведе сите информации и факти врз кои се темели претставката и дејството со кое подносителката смета дека е дискриминирана.

Подносителката не ја доуреди претставката во законски предвидениот рок, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
05.04.2024 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на Комисијата